СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Триесеттата  и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 7 декември 1995 година

Скопје, декември 1995 година

**33-ТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**одржана на 7.XII.1995 ГОДИНА**

1. АБДИ ФАИК - 13
2. МИЉОВСКИ ЈАНЕ – 7, 16, 17
3. ОСМАНИ РУФИ - 11, 12, 13
4. ПАВЛОВ БОРИС - 7
5. ПОПОВСКИ НИКОЛА -3, 6
6. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР - 5
7. ТАНТАРОВ ВЕЉО - 15

Дневен ред:Предлог за донесување на закон за задолжување на РМ кај Европската банка за обнова и развој за реализација на проектот за реконструкција на Аеродромот "Скопје" – Скопје со Предлог закон

КРАЈ

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Триесет и третата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 7 декември 1995 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на РМ, сала 1, со почеток во 12,10 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше г-дин Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дами и господа пратеници, ја отворам триесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, која ја свикав по барање на Владата на република Македонија.

Пратениците Илинка Митрева, Јане Ангеловски, Зоран Шапуриќ, Нано Ружин, Марјан Котлар, Јован Србиновски, Љупчо Мешков, Димче Настоски, Александар Гештаковски, Драган Ѓеоргиев, Димитрија Вревезовски, Благоја Силјановски, Ване Наумовски, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Со оглед на карактерот на седницата како и планираното продолжение на 29-та седница на која ќе се поставуваат пратенички прашања предлагам да не се дополнува дневниот ред.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака?

70 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (Не е)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

За денешната седница го предлагам следниот дневен ред.

- Предлог за донесување на закон за задолжување на Република Македонија кај Европската банка за обнова и развој за реализација на проектот за реконструкција на Аеродромот "Скопје" - Скопје, со Предлог на закон.

Кој е за предложениот дневен ред молам да крене рака.

76 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

Преминуваме на дневниот ред.

Предлагам претходната фаза можеме да ја минеме пред да дојдеме до текстот бидејќи, Комисијата се уште не го поднела извештајот Законодавно - правната комисија, а имала амандмани, тогаш ако стигнеме порано ќе причекаме.

Предлог за донесување на закон за задолжување на Република Македонија кај Европската банка за обнова и развој за реализација на проектот за реконструкција на Аеродромот "Скопје", со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот, Ви е доставен.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за задолжување на Република Македонија кај Европската банка за обнова и развој за реализација на проектот за реконструкција на Аеродромот "Скопје".

Кој е за, молам да крене рака?

73 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака?

77 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (Не е)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави господин Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, по повод донесувањето на законот имам две прашања до Владата односно до претставникот на Владата на кое мислам дека е сходно да се одговори.

Првото прашање е прашање што го повторувам по кога се во прашање вакви кредити: До кога Владата има намера да му нуди на Собранието гаранции да дава по задолжува исклучиво во инфраструктурни објекти во Република Македонија. Мој личен впечаток е дека последниве три-четири години се задолжуваме само за инфраструктура и мислам дека не се многу поволни варијанти на задолжувањеаквите, затоа што мене ми е јасно оние што ги даваат кредитите зашто тоа го бараат. За нив во Македонија се потребни добри комуникации, патишта, железници, телекомуникации, аеродроми, сообраќајни инфраструктурни објекти заради нивна употреба. Меѓутоа, тоа што нас не интересира од меѓународното кредитирање е она што Владата го кажува во образложението зошто Европската банка за обнова и развој воопшто постои. За стимулирање на приватна иницијатива, за премин на пазарно стопанство итн. Сите овие кредити некаде ги добиваме за објекти кои се потребни, меѓутоа, кои не носат многу големи профити и кои на краток рок не го вртат капиталот во Република Македонија.

Второто прашање јас, се разбира во вакви брзи рокови не можев да изнајдам во изминативе две-три години, Собранието за закони со соодветна содржина што расправала, едноставно мислев да се подготвам за седницата која беше ставена оваа точка на дневен ред. Меѓутоа со оглед на тоа што од вчера до денес немавме време јас колку што памтам ние за аеродромите во Скопје се задолживме како држава, не знам пред кого не се сеќавам веројатно беше пред истата банка, со отприлика 15,16 милиони долари во тоа време, не можам да памтам, затоа што н можев соодветно да се спремам, сега повторно се задолжуваме. Мислам дека веќе ние се задолжуваме за Аеродромот во Скопје со износ од над 30 милиони долари во два наврати, лично немам

впечаток дека нешто толку големи инвестиции се потребни таму. Па јас би молел за едно соодветно образложение од каде потребата во два наврати ова Собрание на два пати да се задолжува во името на Република Македонија со странски кредити од 15 до 20 милиони долари за реконструкција на еден изграден аеродром, за кој објективно немам впечаток дека нема толку големи потреби од толку големи вложувања, компаративно со другите вложување кои ни се потребни во Македонија. Од каде таа политика толку да се форсираат овие проекти.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Станковски.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Господине претседателе, колеги пратеници, немав намера да излезам, меѓутоа дискусијата на господинот Поповски, ме побуди да кажам нешто околу оваа инвестиција. Мислам на сите треба да ни биде јасно дека скопскиот аеродром во Бивша Југославија претставуваше аеродром од трета категорија, аеродром кој беше за некој локални цели и кој со својата содржина и техника беше на ниво од такви да кажам сообраќајни чворишта.

Воздушниот сообраќај и аеродромот во Скопје е аеродром кој претставува витална точка од инфраструктурата и кој значи живот за Македонија. Ова од два аспекта. Како превоз на патници и уште повеќе како превоз на стоки. Неминовно е Македонија со своето производство кое бара брз и ефикасен превоз, никако не може да се вклопи во Европа, но со еден аеродром кој може да поддржи и со својата фреквенција да овозможи транспорти на сите правци во светот. Според тоа, ако сакаме да имаме аеродром кој ќе биде по светски норми и стандарди каде што нема да се туркаат луѓето еден врз друг да доаѓаат да чикрраат карти, да

го предадат својот багаж, сето тоа да биде на европско ниво, а со тоа се гордееме бидејќи при прво доаѓање секој гостин кога ни доаѓа се судрува со сликата и на државата кога доаѓа. Верувам дека сите ние сме за тоа аеродромот "Скопје" да биде најсовремено опремен, се разбира, со економични вложувања,со една економика при проектирање и изведување. Значи се залагам за тоа аеродромот Скопје да прерасне и веќе во еден и е меѓународен со сите перформанси кои ги имаат европските аеродроми. Мислам дека главните пари кои ќе се потрошат инвестицијата од овие пари кога ќе дојдат од Европа се наменети повеќе на осовременување на техниката. Значи се работи веројатно за голем дел од средства кои ќе се инвестираат во безбедноста на патниците и на комплетниот транспорт. Според тоа лично се залагам овој предлог да биде прифатен и со аеродромот да покажам дека сме вистинска држава и дека сме земја која има аеродром со европски стандарди и каде што можеме секој ден или нашата роба или ние лично во еден ден да отидеме во Лондон и да се вратиме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Павлов.

Не, реплика на господинот Поповски, бидјеќи беше спомнат.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Со оглед дека го добив прашањето на тој од кого го поставив и беше навистина исцрпно образложено, јас го повлекувам прашањето од соодветниот орган до кој го поставив.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Павлов.

**БОРИС ПАВЛОВ:**

Господине претседателе, почитувани колеги, јас инаку немав воопшто намера да дискутирам, меѓутоа, апсолутно се придржувам на барањето од колегата Никола Поповски и јас би сакал да слушнам меродавно образложение зошто нашата заедница односно државата ќе се задолжува за реконструкција на аеродромот.

Уште еднаш повторувам дека апсолутно немав намера , но ми се чини за да дигнам рака да гласам , сакам едно такво образложение.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Министерот за финансии Јане Миљовски бара збор.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа, мислам дека е сосема во ред прашањето и мислам дека е наш долг добро да ги образложиме ваквите закони, затоа што не мора однапред, или не мора токму од текстот сега се да се разбере. Има неколку елементи на кој што треба да се одговори, кои што беа содржани и во прашањето на г-динот Поповски.

Првото прашање е зошто втора инвестиција, или јас го ставам под тој ред да одговара. Зошто втора инвестиција на скопскиот аеродром, повторно од истата банка, од европската банка. Ако смеам да ве потсетам на тогашниот кредит. Тогашниот кредит абеше за опрема за контрола на небото над Македонија. Тоа значи со таа опрема со која што се задолживме почна осамостојувањето на Македонското небо, станавме независни од контролата во Белград. Дотогаш авионите ги водеше

контролата во Белград, дури и сега мислам не сосема ја презела нашата, во тек е преземање на водење на авионите од нашата контрола. Тоа беше едниот кредит. А овој кредит е за слетно полетната писта. Се работи за меѓународни норми, после одреден број години, не знам дали после 10, 12 или 15 години од последната реконструкција, аеродромот мора да изврши реконструкција повторна, или ќе биде затворен од страна на меѓународните сообраќајни власти. Тој рок за Скопскиот аеродром истекнува за една година. Тоа значи ако не се направи оваа реконструкција нашиот аеродром ќе биде исклучен од меѓународниот сообраќај. Сега, тука нема дали сме сакале или не сме сакале. Фактички, мораме да ја извршиме таа инвестиција. При тоа, морам да ви кажам дека износот на кредитот е добиен врз база на претходно испитува ње на ангажирани стручњаци од Америка и од Канада , кои што го испитуваа и тлото и подлогата и осветлувањето на аеродромот. Нивно мислење е дека треба да се почне уште следната година со реконструкција на аеродромот за да тон не донесе на стандарди кои што треба. Сега тој не претставува никаква опасност за слетување, меѓутоа ако помине годината без да се извршат нужните преправки, тогаш ќе стане проблематичен за слетување.

Второ, беше едно дека инфраструктурните објекти не се профитабилни. Еве баш за аеродромот да аргументираме. Прелетите преку небото на Македонија годишно треба да носат 20 милиони долари. А купувањето, се задолживме на 10 години со 15 милиони долари, тоа значи само во една година ако се остварат полните прелети фактички добиваме повеќе отколку што е целата сума. Вие ќе се прашате зошто Европската банка била толку луда да ни даде кредит кога толку брзо ќе се остварат парите. Едноставно постоеше во тоа време и несигурност

како ќе се развиваат нашите односи со Грција, дали сите тие прелети нормално ќе можат да бидат прифатени од Солун, од солунската контрола која што се вика Македонија. Заради тоа неизвесност на политичките односи беше предвиден и подолг рок и со ова сакам да кажам дека фактички исплатливоста на тој кредит е апсолутно јасна.

Второ, исплатливоста на овој кредит ако го прочитате, јас мислам дека е наша грешка што во образложение еден од пратениците ни стави забелешка и мислам дека имаше право, зошто со цифри во образложението не ви кажавме какви ќе се приливите по однос на ленингот, меѓутоа, тие цифри во текстот ги имате дека покажуваат апсолутна можност да финансираат отплати преку таксата што се наплаќа за слетување на скопскиот аеродром. Дури има предвидено дека ќе останат нешто средства и има предвиден механизам на кој начин остатокот на средствата ќе се распоредува,.Тоа значи повторно дека парите што ќе се добијат, се добиваат во инвестиција која што самата ги враќа кредитите. Ист е случај отплатите ги враќа секоја година тогаш и кредитот ќе може да биде исплатен.

Ист е случајот, ако веќе пошироко прашаме за инфраструктурата и за телефонската Транс - Балканска линија. И таму ефектите беа покажани дека ќе бидат далеку повеќе отколку што беше износот на кредитот. Инфраструктура, точно е дека таа најмалку ја менува една земја, а точно е дека, мислам најмалку ја менува системски, меѓутоа го менува нејзиниот изглед. Точно е дека и Владата и Парламентот како своја основна цел го поставија менување на системот. Меѓутоа, ние не ќе можеме фактички да влеземе во Европскиот тип на пазарно стопанство без минимална инфраструктура, а таа е пред се е во овие неколку области. Во телефонијата, во комуникациите, пошироко во телефонијата, во аеродромите. Сега се отвори оваа линија низ Србија, јас се надевам дека ќе остане отворена, меѓутоа тоа не значи дека

имаме макар и најмала шанса да се откажеме од катадневниот превоз сб авион од Скопје и од Охрид. Мислам дека ова малку го појаснува овој проект и го појаснува односно ја појаснува и нашата ориентација кон овој тип на кредити. Дури ќе кажам не беше само нашата ориентација. Ние направивме многу голема листа на можни проекти за финансираше и од таа можна листа меѓународната финансија, морам да ви кажам, ваков кредит за да се изработи треба една година и нешто и на овој се работи повеќе од една година. Тоа значи од таа листа тие како најпрофитабилни ги избраа токму овие за кои што овој Парламент и гласаа.

Инаку, мислам дека развивањето на пазарното стопанство ќе го видите при следниот кредит за кој што ќе ви поднесеме барање да ни одобрите дозвола да издадеме гаранција, а тоа е Законот со кој што ќе се задолжиме за добивање на готови средства кои што ќе одат во банките и кои што ќе бидат наменети за директно кредитирање на стопанството. Тој кредит е веќе договорен и веројатно ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кога ќе дојде на ред тој.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Во јануари ќе го дискутирате и него.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Османи.,

**РУФИ ОСМАНИ:**

Почитувани колеги јас ќе бидам сосема краток, мислам дека во текстот на одлуката има една грешка и не кореспондира

**СТОЈАН АНДОВ:**

На текстот ќе прејдиме господине Османи. Ова е општ претрес.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Добро, значи таа грешка ќе треба да се исправи. Понатаму мислам дека образложението кое е дадено е неадекватно по однос на износот со кој ќе....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа е текстот.

**РУФИ ОСМАНИ:**

За што расправаме г-дине претседателе.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега е општ претрес.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Е, општ претрес и имам право да кажам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

По текстот ќе отвориме претрес .

**РУФИ ОСМАНИ:**

Не, по образложението да кажам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тогаш имаме овде кога ќе кажам по текстот, тогаш ќе зборуваме.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Сега начелно дискутираме господине претседателе.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да, така начелно.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Мислам дека на крај се разбравме со г-динот претседател, начелно дискутирам. Имено, мислам дека образложението кое е дадено од страна на изготвувачот не е адекватно и би било добро во понатамошните образложенија по вакви проекти или слични, сигурно тие вака нумерички и со проекција на можна добивка да се искажат, да немаме и ние многу дилеми, како што во овој случај некои имаат дилеми.- Значи, јас лично немам дилеми.

**РУФИ ОСМАНИ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Понатаму, на сите нас ни е јасно дека Аеродромот во Скопје не ги задоволува елементарните потреби, а е еден од најфреквентните аеродроми, особено во овој временски период, на просторите на Балканот, а би рекол, особено и од просторите на поранешна Југославија. Јас ова го кажувам, имајќи предвид дека многу луѓе од мојот електорат, особено од западниот дел на Македонија кои привремено работат во странство и кои, скоро, неколку пати во текот на годината имаат потреба да слетуваат преку овој аеродром, имаат големи проблеми, како резултат на тесните грла кои ги има овој аеродром. Во таа смисла немам никакви дилеми дека има потреба од реконструкција и проширување, односно соодветно регулираше на овој аеродром.

Понатаму, што се однесува до една забелешка која е дадена, дека инфраструктурните објекти не се профитабилни, јас мислам спротивно. Напротив, можеби, ова задолжување, јас сум сигурен дека ќе биде едно од најпрофитабилните инфраструктурни задолжувања во Македонија. Едно елементарно познавање на оваа проблематика и елементарни показатели ќе ја утврдат оваа констатација што јас ја кажувам.

Јас во мое име, имајќи предвид дека има потреба од вакво задолжување, го поддржувам овој кредит кој треба да се земе од оваа институција.

**ФАИК АБДИ:**

Почитуван господине претседателе, дами и господа пратеници. Јас верувам дека нема човек овде кој не знае што е тоа што се предлага. Веројатно се појде од тоа што ние имавме една седница од 15 минути што ќе се запише во Гинисовата книга на рекорди. Токму заради тоа

беше поставено прашањето малку да расправаме и малку да го поопшириме прашањето/ да го поопштествуваме.

Поаѓајќи токму од едни сознанија што јас и сите, овие постарите да ги речам,што бевме пред три-четири години, кога имавме дена работа за еден мал кредит од осум или десет милиони од фондацијата Сорос, овде имаше една таква гужва од една страна и се велеше дека не ни треба задолжуваше на земјата и така натаму. Дури сега ни доаѓа времето на задолжување. Дури сега ќе се задолжуваме за да можеме да вложуваме во корисни инвестиции. Една од тие инвестиции е и ова многу важно прашање за нашиот Аеродром. Ако ние немаме аеродром кој одговара на европските и светски стандарди, ма каква тоа европеизација на Македонија. За- мислете ние имаме, заправо, ќе имаме толку многу производство што ќе немаме доволно превозни средства, а ова сега што го имаме карбоавиони, тоа е ништо, онаа размена на производи итн. Па луѓето се плашат да летаат со наши авиони. Па каде е нашата дијаспора, Америка, Австралија, Канада и тн. Сигурно ќе имаме среќа еден ден нашите иселеници доаѓајќи на гости да дојдат право во Скопје а не прво да слетаат во Софија или во Белград па од таму со воз или со не знам што да дојдат после во Македонија. Значењето на градбата на овие објекти, поготово на она што треба да се изгради, за што се задолжуваме, тоа е голема работа, тоа е не опишува работа. Ние држава ли сме или што сме. За тоа не треба да се постави прашање. Сигурно од нас ќе се бара голема дисциплина во инвестирањето, во основните средства, во квалитетот, во профитот, во коефициентот на вртење на средствата. Само така. Добар аеродром, добри машини, добро

производство, квалитетно производство, рок на испорака, мала цена на чинење и само така ќе живееме подобро. Нема друг начин. Ако против ова некој е и ако каже дека ова е нешто што не чини, јас не знам што чини. Јас ги кревам двете раце за и мислам дека Македонија веќе почна да корача во тоа. Па ние се бориме да влеземе во Светската и во Европската банка. Тоа е добро. Замислете еден кредит од 80 милиони, мислам дека беше, со грејс период од 2 0 години и бескаматен. Па ние влегуваме во тие светски институции, влеговме, и дури сега ќе го осетиме благодетот, она за што се залагавме четири години овде. Ние сме држава и корачаме само напред. Враќање назад нема.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници,

Во текот на годината што си оди ние како пратеници гласавме за повеќе вакви заеми, ми се чини околу 100 милиони долари се досега со овој заедно.

Јас не сум против градењето на Аеродромот, треба да се направи, треба да се направи, покрај овие образложенија што ги кажа Никола Поповски и од други причини. Аеродромот

мора да биде малку поудобен за побрзо шетање на нашите министри низ цел свет, што овде не можеме да ги видиме никогаш,

Второ, пет години ги лажеме нашите земјоделци за кредити за развој на земјоделството. Мене ме чуди како може оваа Европска банка цело време да дава кредити за пошта, за аеродроми, за пат Гостивар - Тетово, за пат околу Скопје а за нашето земјоделство не може да даде 20 милиони долари. Треба да се чукнеме сите по глава што

правиме. Јас ќе гласам за донесување на овој закон бидејќи се надевам дека наскоро ќе гласаме и за некој закон за кредити во земјоделството.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот,

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 2 став 1 и на член 3.

Пратеникот Јаким Ивановски поднесе амандман на член 3 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 1, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Јане Миљовски.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 3, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Миљовски.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа а ми се чини е ист со амандманот на пратеникот Јаким Ивановски.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 3, поднесен од пратеникот Јаким Ивановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Миљовски.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Амандманот е истоветен и се согласувам и со него. Се работи само за менување на годината.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Овде спаѓа и она што беше кажано за образложение итн.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој ве бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (78 пратеници).

Дали е некој против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

II/6.-

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за задолжување на Република Македонија кај Европската банка за обнова и развој за реализација на проектот за реконструкција на Аеродромот "Скопје".

Бидејќи дневниот ред е исцрпен ја заклучувам Триесет и третата седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши со работа во 13,10 часот).